Упатство за користење на

Електронски индекс и е-Сервиси на Универзитетот АУЕ ФОН

Ова упатство е направено со цел студентот да може полесно да се снајде и да маневрира низ електронскиот индекс и е-Сервисите кои што ги нуди нашиот Универзитет. Во следното упатство накратко се објаснува како може да пријавувате **КОЛОКВИУМИ И ИСПИТИ.**

1. За да се најавиме на Студентскиот портал на АУЕ Фон најпрвин треба да напишеме student.fon.edu.mk по што линкот ќе не одведе на почетната страница на Студентскиот портал на ФОН Универзитет.



2. Можеме да се најавиме со притискање на копчето НАЈАВИ СЕ во горниот десен агол.



3. Во празните полиња ги пишуваме претходно зададените емаил и пасворд од студентската поддршка кои ќе ги промениме во наредниот чекор.



4. Од кога ќе ги внесеме првично зададените емаил адреса и пасворд ќе добиеме барање да го промениме пасвордот и да ставиме backup телефонски број што во случај да го заборавите пасвордот ќе може да биде ресетиран.



5. Кога ќе се најавиме првиот пат на студентскиот портал ќе добиеме барање да ставиме начин на верификација за да можеме да го ресетираме пасвордот доколку го заборавиме. Тоа се прави со следните чекори. На следниот таб притискаме Next.



6. На наредниот таб кој ни се отвара треба да внесеме телефонски број како што би ни стигнал код на него за да можеме да добиеме пристап до студентскиот портал. Избираме North Macedonia и го пишувате телефонскиот број на кој што сакате да ви стигне кодот. По што притискаме NEXT.



7. Од кога ќе го добиеме кодот на телефонскиот број кој што сме го внеле го пишуваме во празното поле и кликнуваме на копчето Verify во долниот десен агол.



8. Од кога ќе се најавиме на студентскиот портал, можеме да видиме повеќе табови, кои во ова упатство ќе бидат објаснето детално.

9. Првиот таб е Лични податоци во кои има повеќе под табови.

10. Во привот под таб ЗАПИШАНИ СТУДИИ се чуваат информациите од типот на датум на упис на студентот, факултет, насока, студиски циклус и **БРОЈ НА ИНДЕКС** кој ќе биде потребен за идентификација на студентот.



11. Во вториот под таб ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ се чуваат општи информации за студентот како Име, Презиме, Адреса на живеење, ЕМБГ и слично.



12. Во Претходно Образование се чуваат информации за досега завршеното образование на студентот како и неговиот успех.



13. Во Плаќање и документи може да ги следите плаќањата кои сте ги извршиле за школарина на универзитетот и за кој семестар сте го направиле истото.



14. Во наредниот таб на семестар, можеме да ги видиме веќе запишаните семестри и по кои пат ги заверуваме истите.



Семестар	Учебна година	Условно запишан	По кој пат запишува	Датум на упис
2-ри (Летен семестар)	2019/2020		1	01.03.2020
3-ти (Зимски семестар)	2020/2021		1	18.10.2020
4-ти (Летен семестар)	2020/2021		1	08.03.2021
5-ти (Зимски семестар)	2021/2022		1	06.10.2021
6-ти (Летен семестар)	2021/2022		1	13.02.2022

15. Во табот на предмети имаме повеќе под табови кои ќе ги објасниме детално. Во следните чекори ќе објасниме како се пријавуваат **ИСПИТИ и КОЛОКВИУМИ** и како се прегледуваат веќе добиените оценки и поени.



16. Во првиот под таб Положени испити можеме да ги видиме досегашно положените испити, оценките кои сме ги добиле, колку кредити носи секој од испитите како и севкупниот остварен просек.



17. Во вториот под таб Испити, можеме да ги видиме повторно положените испити но поделени по семестри но исто така тука **ПРИЈАВУВАМЕ ИСПИТИ.** Тоа го правиме со притискање на копчето Пријави испит по што ги избираме испитите кои што сакаме да ги пријавиме. Ова можеме да го направиме само доколку има активна сесија за пријавување на испити.

18. Во под табот пријави ја гледаме состојбата на испитите само овој пат истата е распределена по семестри.





19. Во последниот таб Колоквиуми, можеме да ја видиме состојбата на колоквиумите, колку поени сме добиле но и да **ПРИЈАВИМЕ КОЛОКВИУМ.** Тоа го правиме на истиот начин како што ги пријавуавме испитите, притискаме на копчето Пријави Колоквиум и доколку има активна сесија за пријавување ги избираме предметите кои што сакаме да ги пријавиме.



20. Во табот на Финансии можеме да видиме колку вкупно расположиви средства имаме уплатено за пријавување на колоквиуми и испити под називот салдо како и 2 табели. Во првата табела можеме да видиме колку вкупно уплати сме направиле а во втората колку вкупно не подмирени долгови имаме.



21. За полагање на испити и следење на предавања ја користиме платформата на **Microsoft Teams**.

22. Апликацијата ја симнуваме од официјалната страница на Microsoft Teams и се најавуваме со истите емиал адреса и пасворд како и за електронскиот индекс.



23. За користење на е-маил адресата со цел комуникација со професори се најавуваме преку Outlook.com повторно со истата е-маил адреса и пасворд.





24. Од кога ќе се најавиме можеме да комуницираме со професорите преку е-маил и исто така можеме да добиваме мејлови за сите новости.